**20242374148**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 4, а во врска со член 78 став (2) точка 22) од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18, “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 ноември 2024 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА**

1. Со оваа одлука се одобруваат Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа на операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.
2. Се задолжува Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа да ги донесе во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.
3. Се задолжува Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница.
4. Оваа одлука се доставува до Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Бр. 12-1985/3
18 ноември 2024 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.